АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11-03-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1315 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по претставка

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот:** 13 февруари 2019 година, издание на емисијата "Очи в очи" (15:55:26 – 16:45:55)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 март 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебни забрани);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор кој беше извршен врз основа на претставка доставена преку интернет адреса (наш бр.03-18 од 15.02.2019 година), врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 13 февруари 2019 година, на државно ниво, **не се констатирани прекршувања** на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Предмет на надзор беше изданието на актуелно-информативната говорна шоу програма "Очи в очи" емитувано на ТВ 24 Вести на 13 февруари 2019 година, во периодот од 15:55:26 до 16:45:55. Анализата беше спроведена од аспект на почитување на посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ).

Во претставката, насловена „Брука", се наведува дека во емисијата имало „класичен говор на омраза и навреда од водителот Огнен" при што се посочува дека „од неодамна тој е и главен уредник на 24, така да неговата одговорност е уште поголема". Во прилог е доставена и снимка од, како што се вели „спорното и срамно видео".

На снимката се гледа водителот на емисијата "Очи в очи" Огнен Јанески како го вели следново: ***„Вас не Ве обврзува никој да имате пасош...(се насмевнува) ако не сакате, ако немате пари да патувате надвор, нема ни да имате пасош."*** Потоа беше утврдено дека кусата снимка потекнува од изданието кое е оригинално емитувано на 13 февруари, по што беше прегледана емисијата. Како и вообичаено, таа се состоеше од телефонски контакт со гледачи на однапред утврдена тема (испишана на телоп за време на емитувањето), при што беше прецизирано дека секој гледач има право да говори две минути (времето беше испишано на телоп).

Тема на конкретната емисија беше: „Република Северна Македонија од синоќа и официјално е новото име на нашата држава". Во неа, водителот Огнен Јанески најпрвин пренесува информации за тоа што значи промената на името од практичен аспект (промена на таблите со називи на институциите, таблите на граничните премини и аеродромите, сообраќајните знаци, веб страниците, логоата, меморандумите, регистарските таблички, личните исправи итн.). Понатаму следува комуникација со гледачите. Во разговор со еден од нив, околу тоа дека за промената на регистарските таблички на возилата најпрвин ќе се добијат бесплатни налепници со знак НМК, а потоа ќе се менуваат табличките, гледачот ја отвора темата за тоа дека со промената на името се акумулираат трошоци за документи, вклучувајќи ги и пасошите. Притоа, во еден дел (16:24:02 - 16:25:38), се случува и следниов дијалог (цитат):

*„Гледач:...Инаку мојот став е дека дел од овие трошоци за промена на документи и и и.. регистарски таблички и сето тоа треба сепак да падне на товар на државата. Мислам дека премногу често...*

*Огнен Јанески: Ви дадоа ли...*

*Гледач:... премногу често се менува налепницата*

*Огнен Јанески:...значи затоа налепницата, затоа, затоа ќе се ставаат...*

*Гледач: ... не само налепницата, и пасошите и возачките, премногу често менуваме и лични карти и пасоши, на пример за децата ги менуваме нааа, коа се помлади децата на две години, па на пет години...*

*Огнен Јанески:... добро тоа е, тоа е веќе друга тема за децата на две години на пет години, има логика зошто е тоа така, зошто е тоа така.*

*Гледач: Да, меѓутоа знаете како трошок се собира, и згора на тоа сеа и оваа промена ако ја плаќаме може...*

*Огнен Јанески:...добро Вие на детето не мора пасош да му вадите на три години, тоа не Ви е обврска...*

*Гледач: Ако патувам во странство...*

*Огнен Јанески:...освен ако не сакате да патувате, а и патувањето Ви е трошок, тоа е личен избор веќе..*

*Гледач:.. патуваме да, да, да. Да, меѓутоа, пасошот не е луксуз, разбирате, пасошот не е луксуз.*

*Огнен Јанески: Во овој случај за дете од три години може да се смета за луксуз бидејќи не е обврзувачки документ...*

*Гледач: Мислам дека државата, мислам дека државата во оваа ситуација, без разлика пријатна, непријатна... (запира говорот бидејќи истекуваат двете минути).*

*Огнен Јанески: Да, истече времето, поздрав до Вас. Значи мора да правите разлика меѓу вадење пасош на дете од две години и вадење обврзна лична карта кога веќе ќе станете полнолетен или пасош, доколку сакате да патувате.* ***Вас не Ве обврзува никој да имате пасош...(се насмевнува) ако не сакате, ако немате пари да патувате надвор, нема ни да имате пасош.*** *А, инаку, се вади на две, на пет и на слично, токму поради истата причина бидејќи човек се менува. Детето ваше на две години и детето ваше на пет... тоа е друга приказна."*

***

- Во „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се посочува дека:

„Форматот за известување за резултатите од мониторингот треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај. Тоа значи дека релевантните оддели треба да подготват предлог во кој ќе се наведе дека постои "говор на омраза" во медиумите, цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку и давајќи објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество"[1].

Ова значи дека, со цел да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

*Дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон?*

За да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон треба да се утврди дали во конкретната изјава постои дискриминација по која било основа.

Во меѓународната правна рамка, слободата за изразување и условите за нејзино ограничување се пропишани во член 10 од Европската конвенција за човекови права:

[1] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.28, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

Член 10

Слобода на изразување

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината.

Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството."[2]

Основите по кои е забранета дискриминација, односно по кои е забрането да се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза, се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – ЗААВМУ:

Член 48

Посебни забрани

(1) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа.

(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.

*Дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество?*

За да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество, потребно е да се добијат позитивни одговори на прашањата од упатствата за мониторинг на говорот на омраза

[2] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

од „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“[3] на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

1. Кој бил контекстот на изразувањето?
2. Кое е лицето одговорно за изразувањето?
3. Дали постоела намера за провоцирање на говор на омраза?
4. Што е содржината на изразувањето?
5. Кои биле степенот и опсегот на изразувањето?
6. Која била веројатноста од влијаење врз публиката и нејзините идни дејствија?

Во цитатот на којшто се однесува Претставката: *„Вас не Ве обврзува никој да имате пасош...(се насмевнува) ако не сакате, ако немате пари да патувате надвор, нема ни да имате пасош“*, како и во останатиот дел од разговорот со гледачот, не може да се утврди поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз која било од забранетите дискриминаторски основи од член 48 од ЗААВМУ. Исто така, во судската практика на Европскиот суд за човекови права (на која упатува ставот 2 од овој член) не може да се најде случај што би бил применлив во оваа ситуација. Со оглед на тоа дека не е констатирана дискриминаторска основа, не може ниту да се дадат одговори на прашањата од „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата“.

Оттаму, со надзорот не се констатирани прекршувања на членот 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во Претставката се наведува и дека оваа изјава на водителот на емисијата Огнен Јанески претставува „навреда“. Прашањето на навреда и клевета е регулирано со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета што е надвор од надлежностите на Агенцијата.

Имајќи предвид дека контактот со граѓаните преку медиумите подразбира одредено ниво на комуникација, потребно е сите новинари и радиодифузери да бидат свесни за фактот дека се обраќаат кон широка публика и притоа треба да бидат внимателни како се изразуваат.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог: /**

***Сектор за програмски работи***

[3] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата“, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.24-28, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf